VOL XXIII NO.2 2025

DOI: 10.55302/PS25232

ISSN: 1857-6060

## SLAVIC CULTURAL CONTACTS

# PHILOLOGICAL STUDIES

FILOLOŠKE PRIPOMBE
FILOLOŠKE STUDIJE
ФИЛОЛОШКИ СТУДИИ
ФИЛОЛОШКЕ СТУДИЈЕ
ФИЛОЛОГИЧЕСКИЕ ЗАМЕТКИ

# СОДРЖИНА / CONTENT

Предговор ........................................................................................ 17

Preface .............................................................................................. 19

## Филозофски и културолошки проблеми / Philosophical-Cultural Problems

### Наташа Диденко / Nataša Didenko

ФЕСТИВАЛОТ „ОХРИДСКО ЛЕТО“– ОТВОРЕНА СЦЕНА ЗА ИНТЕРКУЛТУРЕН ДИЈАЛОГ ПОМЕЃУ СЛОВЕНСКИТЕ НАРОДИ /

THE „OHRID SUMMER FESTIVAL“– AN OPEN STAGE FOR INTERCULTURAL DIALOGUE BETWEEN THE SLAVIC PEOPLES ....23-51

### Јасминка Ристовска-Пиличкова / Jasminka Ristovska-Pilickova

МАКЕДОНСКОТО ПРАШАЊЕ ВО ФОКУСОТ НА РУСКАТА ЕКСПЕДИЦИЈА – „МАКЕДОНИЈА 1900 ГОДИНА“ /

THE MACEDONIAN QUESTION IN THE FOCUS OF THE RUSSIAN EXPEDITION - "MACEDONIA 1900" ........................................................53-83

## Историја и филологија / History and Philology

**Miomir Abović / Miomir Abović**
PORIJEKLO I ZNAČENJE TOPONIMA *KUMBOR* /

ORIGIN AND MEANING OF TOPONYM *KUMBOR*................................87-114

**Валентина Миронска-Христовска / Valentina Mironska-Hristovska**
МАКЕДОНСКИОТ ЈАЗИК ВО КОНТЕКСТ НА СЛОВЕНСКАТА КУЛТУРА /

THE MACEDONIAN LANGUAGE IN THE CONTEXT OF SLAVIC CULTURE ........................................................................................115-135

## „Зборот“ во историско-културолошки контекст / Word in Historical and Cultural Context (Comparative Aspect)

**Тамара Бабић / Tamara Babić**
КУЛТНИ И ХИМНОГРАФСКИ ЛИК СВЕТОГ СИМЕОНА У КОНТЕКСТУ ПРЕВОДНЕ СЛОВЕНСКЕ КЊИЖЕВНОСТИ /

THE CULTIC AND HYMNOGRAPHIC FIGURE OF SAINT SIMEON IN THE CONTEXT OF TRANSLATED SLAVIC LITERATURE ...............139-151

## Литературата во интеркултурен контекст / Literature in Intercultural Context

**Јасмина Мојсиева-Гушева / Jasmina Mojsieva-Gusheva**
ПИШУВАЈЌИ ЗА ДРУГИОТ, ПИШУВАМЕ ЗА СЕБЕСИ /

WRITING ABOUT THE OTHER, WE WRITE ABOUT OURSELVES .155-169

**Милош Б. Пржић / Miloš B. Pržić**
МОРЛАКИЗАМ КАО ИМАГОЛОШКИ ЕКСПЕРИМЕНТ У РОМАНУ *МЛАДЕНКА КОСТОНОГА* ЖЕЛИМИРА ПЕРИША /

MORLACHISM AS AN IMAGOLOGICAL EXPERIMENT IN THE NOVEL *BONEY-LEGGED BRIDE* BY ŽELIMIR PERIŠ ........................171-188

**Тамара Ќупева / Tamara Kjupeva**

МАКЕДОНСКАТА ЛИТЕРАТУРА ВО ФОКУС – ТЕМИ И АВТОРИ ВО АКАДЕМСКИТЕ ТРУДОВИ НА УНИВЕРЗИТЕТОТ ВО ЉУБЉАНА /

MACEDONIAN LITERATURE IN FOCUS – TOPICS AND AUTHORS IN ACADEMIC WORKS AT THE UNIVERSITY OF LJUBLJANA ........... 189-210

**Maja Štok / Maja Štok**

DOSTOPNOST, ODMEV IN SPODBUJANJE BRANJA MAKEDONSKE KNJIŽEVNOSTI V SLOVENSKEM PROSTORU /

ACCESSIBILITY, RECEPTION AND PROMOTION OF MACEDONIAN LITERATURE IN SLOVENIA ........................................................... 211-238

## Современото општество во културата, во јазикот и литературата / Modern Society in Culture, Language and Literature

**Маја Јакимовска-Тошиќ / Maja Jakimovska-Toshikj**

СТРАТЕГИИ ЗА РАЗВОЈ НА РУТАТА НА СВЕТИТЕ КИРИЛ И МЕТОДИЈ НА МАКЕДОНСКО ТЛО /

STRATEGIES FOR DEVELOPMENT OF THE CYRIL AND METHODIUS ROUTE ON MACEDONIAN ........................................... 243-259

## Рецензии и информации / Reviews and Information

**Славчо Ковилоски / Slavčo Koviloski**

ПРОЕКТОТ МАКЕДОНСКА ПОЕТИКА И СТИЛИСТИКА /

THE MACEDONIAN POETICS AND STYLISTIC PROJECT ............... 263-268

**Сања Париповић Крчмар / Sanja Paripović Krčmar**

ФРАГМЕНТИ ЦЕЛИНЕ: КЊИЖЕВНА АНАЛИЗА ПОЕТИЧКИХ ТОКОВА ДРУГЕ ПОЛОВИНЕ 20. ВЕКА /

FRAGMENTS OF WHOLE: LITERARY ANALYSIS OF POETIC DEVELOPMENTS IN SERBIAN POETRY OF THE LATE 20th CENTURY ......................................................................................... 269-273

**Владимир Д. Папић / Vladimir D. Papić**

КЊИЖЕВНИ ПОРТРЕТ ЈЕДНЕ ДИНАСТИЈЕ /

LITERARY PORTRAIT OF A DYNASTY ............................................275-280

**Biljana Ristovska-Josifovska**

INTERNATIONAL CONFERENCE "THE ROLE OF HISTORICAL FIGURES IN HISTORY AND COLLECTIVE MEMORY" .....................281-288

**Бојан Т. Чолак / Bojan Čolak**

ДИНАМИКА ЖИВОТА И СТВАРАЛАШТВА БОРИСАВА СТАНКОВИЋА: КЊИЖЕВНО-БИОГРАФСКА СТУДИЈА /

THE DYNAMICS OF BORISAV STANKOVIĆ'S LIFE AND WORK: A LITERARY-BIOGRAPHICAL STUDY ..................................................289-295

**Алла Геннадьевна Шешкен / Alla Gennadevna Sheshken**

СОТРУДНИЧЕСТВО ДЛИННОЮ В ПОЛВЕКА.75 ЛЕТ РУСИСТИКИ В УНИВЕРСИТЕТЕ ИМЕНИ СВВ. КИРИЛЛА И МЕФОДИЯ В СКОПЬЕ. 50 ЛЕТ МАКЕДОНИСТИКИ В МГУ ИМЕНИ М.В. ЛОМОНОСОВА /

HALF-CENTURY COLLABORATION. 75 YEARS OF RUSSIAN STUDIES AT THE UNIVERSITY OF Ss. CYRIL AND METHODIUS IN SKOPJE.50 YEARS OF MACEDONIAN STUDIES AT LOMONOSOV MOSCOW STATE UNIVERSITY ...........................................................297-307

**УДК: 811.163.3'38(082)(049.3)**
**УДК: 821.163.3.09(082)(049.3)**

# ПРОЕКТОТ „МАКЕДОНСКА ПОЕТИКА И СТИЛИСТИКА“ (*Македонска поетика и стилистика*, во редакција на Бранко Тошовиќ и Славчо Ковилоски. Грац: Комисија за стилистика при Меѓународниот славистички комитет, 2025)

**Славчо Ковилоски**
Институт за македонска литература,
Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје

# THE MACEDONIAN POETICS AND STYLISTIC PROJECT (*Macedonian Poetics and Stylistics*, edited by Branko Tošović and Slavčo Koviloski. Graz: Commission for Stylistics of the International Slavic Committee, 2025)

**Slavcho Koviloski**
Institute of Macedonian Literature, Skopje
Ss. Cyril and Methodius University in Skopje

Познато е дека поетиката и стилистиката во македонската книжевност се предмет на истражување од страна на автори што му припаѓаат на т.н. универзитетски круг. Науката за поетика (теорија на структурата, формата и дискурсот) и науката за книжевна стилистика (стилот на пишување во книжевните дела) како посебни дисциплини се токму предметот на истражување на проектот „Македонска поетика и стилистика“, чија првична идеја и поттик дојде од Комисијата за стилистика при Меѓународниот славистички комитет и Институтот за славистика при Универзитетот во Грац. Во рамките на големиот проект „Словенска стилистика“, раководителот на делот задолжен за јужнословенската стилистика, проф. д-р

Бранко Тошовиќ, даде предлог за вклучување на македонски истражувачи, кои ќе работат на делот на „Македонска поетика со книжевна стилистика 1970 – 2020 година“. Така, во периодот од 2021 до 2024 година се работеше и беше издадена колективната монографија *Современа јужнословенска метастилистика и метапоетика*, како книга број 2, во која учество зедоа Дарин Ангеловски и Славчо Ковилоски со текстот „Македонска поетика со книжевна стилистика“. Со завршувањето на оваа обврска се затвори втората книга од серијата посветена на јужнословенската стилистика, но вратите за понатамошна соработка останаа отворени.

Во следниот период, односно во 2023 година, при посетата на уредникот на изданието Бранко Тошовиќ на Институтот за македонска литература, беше утврдено дека ќе се продолжи соработката, овојпат преку изработка на нова колективна монографија посветена на македонската поетика и стилистика. Основата за изработката на идната монографија ја дадоа научните истражувачи од Институтот за македонска литература. Во проектот беа вклучени професори и научни истражувачи од Институтот за македонска литература и од Филолошкиот факултет „Блаже Конески“ при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, а за координатор и раководител на македонскиот тим беше задолжен Славчо Ковилоски.

Кон распределбата на периодите што требаше да се обработат се пристапи хронолошки: македонската поетика и стилистика во средниот век, потоа во XIX век, во периодот од 1900 до 1945 година, понатаму од 1945 до 1970, од 1970 до 1990 и од 1990 до 2020 година. Ваквата периодизација овозможи во изработката на изданието да се вклучат истражувачи што соодветно ги владеат, односно работат на проблематиките на македонската литература токму во наведените временски рамки.

Откако споменатите периоди им беа понудени на истражувачите и тие дадоа согласност за нив, се пристапи кон изработка на монографијата. Македонскиот тим се состои од истражувачите од Институтот за македонска литература: Славчо Ковилоски (периодот 1900 – 1945), Билјана Рајчинова-Николова

(1945 – 1970), Славица Петровска-Ѓорѓевска (среден век), Марина Цветаноска (XIX век) и Ема Лакинска (1970 – 1990), како и од професорите од Филолошкиот факултет „Блаже Конески“: Весна Мојсова-Чепишевска и Иван Антоновски (1990 – 2020) и Трајче Стамески (народна поетика и стилистика).

Важно да се забележи дека за трудовите се разговараше и се правеа консултации со исклучителни познавачи на теоријата и на историјата на македонската книжевност. Нивните сугестии и забелешки, секако, придонесоа за унапредување и подобрување на подготвените материјали. Тие се: Венко Андоновски од Македонската академија на науките и уметностите (МАНУ) и професорките од Институтот за македонска литература при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје: Маја Јакимовска-Тошиќ, Валентина Миронска-Христовска, Лорета Георгиевска-Јаковлева и Јасмина Мојсиева-Гушева. Освен нив, на најразлични начини, за потребите на изданието и за негово унапредување беа вклучени и други лица од универзитетските кругови, кои на најразличен начин дадоа свој придонес за унапредување на квалитетот на истражувањата.

Треба да се има предвид дека ова издание е прво од ваков вид во македонската литература. Овој, би рекле, пионерски потфат, во извесна мера би можел да послужи и како своевидна историја на македонската книжевност, со оглед на тоа што во него е опфатена целокупната македонска литература, почнувајќи од раниот среден век, па сè до денес. Посветено е значително внимание на поетиката на македонската поезија, на романите, на драмите, на расказите, на критиката и на другите книжевни жанрови, без разлика дали се оригинални или преведени дела. Книжевностилистичкото и поетолошкото истражување во македонскиот контекст во извесна смисла се надоврзува на прегледот на стилистичките истражувања на Лилјана Минова-Ѓуркова претставени во книгата *Стилистика на современиот македонски јазик* (2003) во која, истовремено, се назираат и се отвораат прашања од областа на книжевностилистичките и на поетолошките проучувања.

Сложеноста на задачата бараше внимателно исчитување на бројните трудови посветени на проблематиката, монографии и студии објавувани во периодиката. Предизвик претставуваше методологијата за работа во посебните периоди. Она што можеше да се искористи во еден период, нужно не значеше дека ќе може да се употреби во друг. Со приспособување кон можностите и побарувањата на зададените временски рамки, веруваме дека се успеа да се постигне целта: синтетизирано да се даде преглед на поетичките и стилските определби на македонската книжевност според хронолошки редослед. До остварување на зацртаниот план не се дојде ниту лесно, ниту едноставно, напротив, преку дискусиите што ги водеа авторите на посебните одредници можеше да се добијат одговорите на зададените прашања и да се постигнат резултатите што се очекуваа. Истовремено, потенцираме дека сите текстови се рецензирани од стручни лица и автори што посветија особено внимание при подготовката на текстовите.

Анализите и особено синтезите нудат толкување и преглед на стилистичките струења во книжевната поетика и стилистика. Во подготовката на монографијата не се преферираше ниту еден поетичко-стилистички правец и не се заземаше страна на ниту една книжевна струја или школа. Авторите имаа целосна слобода, во зависност од нивната научна ориентација, афинитети и обработени материјали во своите истражувања да вклучат репрезентативни дела и автори за кои сметаа дека нудат најдобра слика за претставување на периодот што го обработуваат. Исто така, треба да се нагласи дека сите автори имаа повеќе или помалку идентичен простор за образложување и сумирање на нивните истражувања со цел бројот на страните на понудените трудови во монографијата да не отскокнуваат премногу еден од друг. Се разбира, тоа беше направено со заемна согласност и беше допуштено, во зависност од периодот, бројот на страници да биде поголем или помал. Сите текстови беа подготвени според специфичните барања на Гралис-моделот, односно според упатствата на Гралис за подготовка на текстовите.

Почнувајќи од средновековниот период и покрај неконвенционалната теориска норма, кај сите словенски

традиции книжевните дела се формирале според строгоопределени канони. И покрај тоа, во поетичка смисла, средновековните жанровски мешања се доста фреквентни и се јавуваат како последица на недостиг на нормативната поетика и строго определените родови и жанрови. Како подоминантни стилски фигури се јавуваат: симболот, метафората, метонимијата, хиперболата, епитетот, алегоријата, анафората итн.

Веќе од XIX век можеме да зборуваме за нова македонска книжевност. За разлика од претходните векови, во ова време се започнало да се пишува, или барем тенденциите биле такви, на народен јазик. Понатаму, под општиот назив современа македонска книжевност повоениот период е детерминиран од општото ново на покренатиот литературен процес, во согласност со наметнатите општествено-политички услови, со идејно-естетските норми и конечно, со субјективните можности на авторите. И покрај тоа што се забележливи модернистичките, а потоа и постмодернистичките текстови, сепак, може да се заклучи дека доминанта во современата македонска литература е реализмот во сите негови најразлични облици (народен реализам, социјален реализам, соцреализам, дидактички реализам, реализам на детаљот, магичен реализам, интегрален реализам итн.).

Поради можностите за побрз развој на македонската книжевност и поради појавата на повеќе правци во литературата, поетиката и стилистиката, по стандардизацијата на македонскиот јазик, бараа поделба на помали периоди од по две до три децении, со цел посистемски да бидат опфатени најважните предизвици со коишто се соочувала и се соочува македонската литература. Во таа насока треба да ги споменеме предизвиците пред кои беше исправена македонската литература по педесеттите години на XX век. Овие предизвици беа изродени од обидите за демократизирање на односот уметничко творење – власт со кој беа зафатени речиси сите југословенски републики и кои во македонскиот културно-општествен контекст се артикулираа како т.н. „битка на реалисти против модернисти“. Кај нас, од нив произлезе книжевната полемика меѓу списанијата *Современосӣ*

и *Разгледи*, преку најзначајните имиња од македонската книжевност. По 70-тите години на минатиот век во македонската книжевност се појавија нови тенденции, како: авангардата, естетскиот еклектицизам и фрагментацијата, односно постмодерната поетика.

Колективната монографија *Македонска поетика и стилистика* е дело, кое никако не претставува конечна, целосна, крајна или верзија со којашто се затвора прегледот и проучувањето на прашањата поврзани со поетиката и стилистиката во македонската книжевност. Напротив, авторите се свесни дека нивниот труд, со сите можни недостатоци, претставува само можност на читателите да им се понуди еден вид пролегомена, во некои идни и уште позадлабочени истражувања на ова поле. Богатата македонска книжевна продукција нуди можности, но и има потреба од подробни проучувања и осврти и на одредени книжевни дела и на поетичките и на стилистичките изразни средства на автори што секако заслужува да им се посвети поголемо внимание и позадлабочено читање во посебни поглавја или во посебни изданија.